Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 22.04.2026
Орг. Един.: | Број: 13-26/12 | Прилог: | Вредност:

УПРК.бр.19/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Александар Чичаковски, како судија поединец, со записничар Евица Џајковска Јанкоска - судски советник, постапувајќи по тужбата на тужителите Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола и Зоран Ристевски од Битола, поднесена преку полномошник Јован Лалевски адвокат од Битола, против Решението на Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисија за заштита на конкуренцијата П.П.бр.13-26/12 од 19.06.2025 година, за прекршок од заштита на конкуренцијата, вредност на спорот 330.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 06.02.2026 година во присуство на полномошникот на тужителите Јован Лалевски адвокат од Битола и овластениот претставник на тужениот орган Борче Размоски - претседател на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата, на ден 13.02.2026 година ја донесе и јавно објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителите Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола и Зоран Ристевски од Битола, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисија за заштита на конкуренцијата П.П.бр.13-26/12 од 19.06.2025 година, СЕ ПОНИШТУВА.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителите за надомест на трошоците во управниот спор, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата да им ги надомести на тужителите Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола и Зоран Ристевски од Битола трошоците сторени во управниот спор во износ од 8.260,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на решението.

Поголемото барање на тужителите за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот до побараниот износ од 26.623,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот спор е заведен со тужба на тужителите Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ

увоз-извоз ДОО Битола и Зоран Ристевски од Битола, за поништување на Решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата П.П.бр.13-26/12 од 19.06.2025 година, со кое се утврдува дека ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола сторил прекршок од член 27 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, за што му се изрекува глоба во износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБ на РСМ на денот на уплатата и се утврдува дека Зоран Ристевски од Битола како одговорно лице во правното лице сторил прекршок од член 27 став 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, за што му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБ на РСМ на денот на уплатата, кои глоби се задолжени да ги платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, со напомена дека неплатената глоба ќе се наплати по присилен пат.

Тужителите со тужбата го оспорија решението поради повреди на правилата на постапката и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба што довело до погрешна примена на материјалното право, со предлог тужбата да се уважи, оспореното решение да се поништи и тужениот орган да се задолжи да им ги надомести трошоците сторени во постапката. Во тужбата наведоа дека тужениот орган при донесување на оспореното решение сторил повреди на правилата на постапката, од причини што диспозитивот на решението на содржи опис на прекршокот во поглед на време и начин на негово сторување и не е наведена законската одредба со која е пропишан прекршокот. Тужителите наведоа дека на донесување на оспореното решение не му претходело правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, бидејќи погрешно е утврдено дека во спорните договори ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола има својство на производител и добавувач, што е од влијание за утврдување на постоење на прекршок, бидејќи со Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи се уредуваат правилата и мерките за спречување на наметнување на нефер трговски практики од купувачот во однос на неговите добавувачи. Истакнаа дека во случајот е постапено по барањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата и со допис од 04.04.2025 година се доставени единствените два договори кои ги има склучено со купувачи по влегување во правна сила на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи. Тужителите сметаат дека не може да сносат одговорност за нејасно поставеното барање од Комисијата за заштита на конкуренцијата, затоа што доколку комисијата имала намера да прибави целосна листа на купувачи, што претставува сосем друг обем на податоци, требало да поднесе друг вид на барање. Ова особено од причини што во текот на постапката која му претходела на донесување на оспореното решение, а откако е утврдено дека има проблем во толкувањето на законските одредби, од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата е даден предлог за превземање на обврски и отстранување на околностите за кои комисијата смета дека доведуваат до нефер трговски практики, меѓутоа комисијата не донела заклучок по предлогот во смисла на член 22 став 2 и 4 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

Тужениот орган ги достави списите од предметот и во одговор на тужба остана на донесеното решение од истите причини наведени во неговото образложение, со предлог тужбата да се одбие како неоснована. Истакна дека тужбените наводи на тужителите се непоткрепени со релевентни докази, истите смета дека се правно неосновани и имаат за цел да го релативизираат непостапувањето на ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола по Заклучокот за доставување на податоци ПП.бр.13-26/2 од 19.03.2025 година. Ова од причини што во случајот правилно и целосно е утврдена фактичката состојба, а правната квалификација на утврдениот прекршок е дадена во согласност со законските одредби. Тужениот орган појаснува дека ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола не е казнет за суштинско прекршување на правилата за фер трговија, туку за процесен прекршок, затоа што компанијата не ја доставила бараната документација (целосна листа на купувачи) во определениот рок, што претставува прекршок според член 27 став 1 точка 2 и став 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

Управниот суд утврди дека тужбата е изјавена во законски определениот рок, дека е дозволена и изјавена од овластено лице и откако оцени дека се исполнети условите за водење на управен спор, закажа и одржа јавна расправа.

Полномошникот на тужителите на јавната расправа изјави дека останува на тужбата и тужбеното барање, со дополнување дека Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи не прави разлика меѓу суштински, процесни или друг вид на прекршоци и за сите прекршоци постапката се поведува и води согласно член 12 од истиот закон. Истакна дека токму тоа е направено и во овој случај каде видно од пропратното писмо и Заклучокот за поведување на прекршочна постапка од 11.04.2025 година дека самиот орган наведува дека постапката ја води согласно тој закон. Полномошникот на тужителите наведе дека во член 22 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи е јасно предвидено дека по поведувањето на постапката од член 12, лицето против кое е поведена постапката има право во рок од 60 дена да понуди до Комисијата предлог со обврски и мерки со кои би ги отстраниле констатираните повреди. Истакна дека од материјалните докази и тоа Одговорот на заклучокот за поведување на прекршочна постапка кој е заведен кај тужениот орган на ден 22.04.2025 година, а посебно писменото известување заведено кај тужениот орган на ден 19.05.2025 година, неспорно може да се утврди дека тужителот дал таков предлог и дека истиот е даден во законскиот рок од 60 дена, со оглед дека Заклучокот за поведување на прекшочната постапка е донесен на 11.04.2025 година. Оттука, полномошникот на тужителот смета дека без оглед дали тужениот орган имал намера да го прифати овој предлог или не истиот имал законска обврска да донесе заклучок, па потоа да постапува и евентуално да изрекува казна.

Овластениот претставник на тужениот орган на јавната расправа изјави дека останува на дадениот одговор на тужба, со дополнување дека Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно своите законски надлежности и контролна функција која ја има упатила јасен и недвосмислен заклучок со барање на податоци во утврден рок, со

предупредување за последиците од непостапување. Овластениот претставник на тужениот орган изјави дека во случајот е неспорно дека тужителите во дадениот рок не ги доставиле бараните податоци, напротив, постапиле селективно, врз основа на свое сопствено толкување на обврската. Истакна дека подоцнежното постапување по заклучокот, односно подоцнежното доставување на комплетната листа на купувачи е ценето од комисијата како олеснителна околност при одмерувањето на казната, но истото не ги ослободува тужителите од одговорност на сторениот прекршок. Исто така, потенцираше дека одредбата од член 221 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи се однесува само на случаите кога Комисијата врз основа на доставените податоци утврдува постоење на нефер трговска практика дефинирана во законот и само во тој случај може да постапува согласно член 22 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи. Поради сето наведено, предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована.

Судот на одржаната јавна расправа ги дозволи и изведе доказите кои беа предложени со тужбата, одговорот на тужба и кои се наоѓаат во списите на предметот и тоа со читање се изврши увид во: Тужба заведена под УПРК.бр.19/2025, Оспореното решение на тужениот орган ПП.бр.13-26/12 од 19.06.2025 година, Тековна состојба за тужителот ЦЕРМАТ ДОО Битола издадена од ЦР на РСМ под број 0805-50/150020250169145 од 05.05.2025 година, Пропратно писмно за доставување на оспореното решение заведено кај тужениот орган под број 13-26 од 19.06.2025 година, Одговор на заклучок за поведвуање на прекшочна постапка ПП.бр.13-26/25 од 11.04.2025 година, Писмено изјаснување на Известување за утврдена фактичка состојба број 13-26/10 од 30.04.2025 година, Преглед на коминтенти за период од 01.01.2025 година за нефер трговски односи, Одговор на тужба доставен од тужениот оран до судот на ден 10.09.2025 година, Примена пријава по електронски пат ПП.бр.13-26/1 од 17.02.2025 година, Заклучок за прибавување на податоци ПП.бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, Пропратно писмо за доставување на заклучок за прибавување на податоци ПП.бр.13-26/3 од 19.03.2025 година, Одговор на заклучок за прибавување на податоци ПП.бр.13-26/4 од 04.04.2025 година, Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.13-26/5 од 11.04.2025 година, Пропратно писмо за доставување на заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.13-26/6 од 11.04.2025 година, Одговор на заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.13-26/7 од 22.04.2025 година, Достава на податоци ПП.бр.13-26/8 од 22.04.2025 година, Известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.13-26/09 од 30.04.2025 година, Пропратно писмо за достава на известување за утврдена фактичка сотојба ПП.бр.13-26/10 од 30.04.2025 година, Писмено изјаснување ПП.бр.13-26/11 од 19.05.2025 година и Барање за доствување на информација ПП: бр.13-26/14 од 25.08.2025 година.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот го испита оспореното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ" бр.96/19), па по оцена на наводите од тужбата, одговорот на тужба и наводите истакнати на јавната расправа, а врз основа на изведените докази, најде дека:

Тужбата на тужителите е основана.

Од изведените докази е видно дека на ден 19.03.2025 година, поради постоење на сознанија дека Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола поседува предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок, Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренција донела Заклучок за барање на податоци заведен под ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година. Со заклучокот е побарано од Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола во рок од 8 дена да достави копија од потпишани важечки договори за снабдување со производи, склучен со купувач, согласно одредбите предвидени во Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи и целосна листа на купувачи (со назив, седиште и даночен број), со кои друштвото има склучен договор за снабдување со производи согласно одредбите од Законот за забрана на нефер трговски практик во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи. Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренција со доставениот заклучок го известила друштвото дека непостапувањето по заклучокот и доставување на неточни или нецелосно податоци може да ја доведат во заблуда комисијата, што претставува прекршок од член 27 став 1 точка 1 и 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола доставил Одговор на заклучок за барање на податоци заведен под ПП.бр.13-26/4 од 04.04.2025 година, во кој е наведено дека друштвото има склучено договори со ДПТУ Жито ДООЕЛ Велес од 23.09.2024 година и Макпетрол АД Скопје од 12.03.2025 година согласно член 6 и член 7 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи и истите ги доставува во прилог на дописот.

Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренција на ден 11.04.2025 година донела Заклучок за поведување на прекршочната постапка против Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, затоа што друштвото не постапило по Заклучокот за барање на податоци заведен под ПП.бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, што претставува прекршок од член 27 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола доставил Одговор на заклучокот за поведување на прекршочната постапка заведен под ПП.бр.13-26/7 од 22.04.2025 година и Податоци побарани со заклучокот заведен под ПП.бр.13-26/8 од 11.04.2025 година.

Комисијата за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренција направила анализа на доставените податоци при што утврдила дека Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и

мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола нема доставено целосна листа на купувачи (со назив, седиште и даночен број) согласно Заклучокот за барање на податоци заведен под ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, поради што на седницата одржана на ден 30.04.2025 година е донесено Известување за утврдената фактичка состојба заведено под ПП.бр.13-26/10 од 30.04.2025 година, кое е доставено до Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола со допис број 13-26/10 од 30.04.2025 година.

Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола на ден 19.05.2025 година со допис бр.13-26/11 доставило писмено изјаснување за известувањето за утврдената фактичка состојба, при што во прилог на изјаснувањето е доставена и бараната листа на купувачи, односно доставен е преглед на комитенти заведено со арх.бр.2638/2 од 17.05.2024 година.

Врз основа на ваквата фактичка состојба, Комисијатата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата го донела Решението П.П.бр.13-26/12 од 19.06.2025 година, со кое се утврдува дека Мешовитото друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз и услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола сторил прекршок од член 27 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, за што му се изрекува глоба во износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБ на РСМ на денот на уплатата и се утврдува дека Зоран Ристевски од Битола како одговорно лице во правното лице сторил прекршок од член 27 став 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, за што му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБ на РСМ на денот на уплатата, кои глоби се задолжени да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението, со напомена дека неплатената глоба ќе се наплати по присилен пат.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, судот најде дека е повреден законот на штета на тужителите поради следните причини:

Согласно член 22 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи („Сл.весник на РСМ“ бр.66/24), (1) По поведувањето на постапката од членот 12 од овој закон, лицето против кое е поведена постапка може на Комисијата за одлучување по прекршок во рок од 60 дена од денот на приемот на заклучокот за поведување на прекршочната постапка да и понуди на Комисијата предлог за преземање на обврските во облик извршување одредени мерки и услови, како и рокови во кои истите ќе ги исполни, со цел да се отстранат околностите кои доведуваат до нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка. (2) Комисијата за одлучување по прекршок, во зависност од тежината на повредата, опсегот на повредата и времетраењето на повредата, што се утврдуваат во прекршочната постапка, ќе оцени дали предложените мерки, услови и рокови од ставот (1) на овој член се доволни за отстранување на околностите кои доведуваат до нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка. Доколку Комисијата за одлучување по прекршок оцени дека истите се доволни, со заклучок ги прифаќа понудените

обврски од ставот (1) на овој член. Заклучокот со кој се прифаќаат понудените обврски содржи опис на обврските, условите и роковите во кои истите треба да бидат исполнети и обврска на лицето против кое е поведена постапка да приложи докази дека обврските се исполнети. Против овој заклучок не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор. (3) Постапката пред Комисијата за одлучување по прекршок мирува до истекот на рокот определен во заклучокот од ставот (2) на овој член. Доколку по истекот на тој рок не бидат доставени докази дека обврските се исполнети, постапката пред Комисијата за одлучување по прекршок продолжува. (4) Доколку Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за водење постапка поради исполнување на преземените обврски од ставот (1) на овој член, ја запира постапката со заклучок против кој може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот. (5) Комисијата за одлучување по прекршок со заклучок нема да ги прифати понудените обврски, мерки, услови и рокови од ставот (1) на овој член доколку утврди дека истите не се доволни за отстранување на околностите кои доведуваат кон нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка. Против овој заклучок не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор.

Согласно член 88 став 1 и 3 од Законот за општа управна постапка („Сл.Весник на РМ“ бр.124/15), (1) Управниот акт што е издаден во писмена форма содржи: вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластеното службено лице и печат. (3) Со диспозитивот се одлучува за предметот на постапката во целост и за сите барања на странките за кои во текот на постапката не е решено посебно. Диспозитивот мора да биде краток и определен, а кога е потребно може да се подели и на повеќе точки. Со диспозитивот може да се одлучи и за трошоците на постапката, ако ги имало, определувајќи го нивниот износ и кој е должен да ги плати, на кого и во кој рок. Ако во диспозитивот не се одлучува за трошоците, ќе се наведе дека за нив ќе се донесе посебен управен акт. Ако со управниот акт се налага извршување на некакво дејствие, во диспозитивот ќе се определи и рокот во кој треба да се изврши тоа дејствие. Кога е пропишано дека жалбата не го одлага извршувањето на управниот акт, тоа мора да биде наведено во диспозитивот.

Согласно член 62 став 1 и 3 од Законот за прекршоците („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), (1) Решението за прекршок содржи вовед, диспозитив, образложение и правна поука. (3) Диспозитивот на решението за прекршок мора да содржи: основни податоци за идентитетот на сторителот (име и презиме, прекар, единствен матичен број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕМБГ)), место и датум на раѓање, место на живеење, улица и број, адреса на привременото престојувалиште, занимање, државјанство, ако физичкото лице е странец, тогаш наместо ЕМБГ број на патната исправа), за правното лице назив и седиште на правното лице, единствениот даночен број (во натамошниот текст: ЕДБ), а за одговорното лице во правното лице и функцијата што ја врши во правното лице, фактичкиот опис на прекршокот дека сторителот го сторил прекршокот, прекршочната санкција што се изрекува, посебната прекршочна мерка доколку е изречена или дека постапката се запира, како и предупредување дека неплатената глоба ќе се наплати по присилен пат, како и трошоците на постапката.

Согласно член 84 став 1 алинеја 2 од Законот за прекршоците („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), (1) Барањето за поведување на прекршочна постапка содржи: - фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот.

Имајќи ги во предвид наведените законски одредби, судот најде дека на донесување на оспореното решение не му претходело правилно спроведување на постапката, од причини што тужениот орган не утврдил дали се навремени и прифатливи понудените обврски од страна на тужителот ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, односно дали истите се доволни за отстранување на околностите кои евентуално доведуваат кон нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка и пропуштил да донесе заклучок по доставеното писмено изјаснување на тужителот ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола на ден 13.05.2025 година во кое е даден предлогот за преземање на обврски за отстранување на евентуалните повреди, што претставува повреда на законската процедура која треба да му претходи на донесување на решението утврдена со член 22 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи („Сл.весник на РСМ“ бр.66/24).

Според наоѓање на судот, тужениот орган сторил повреда и на правилата на постапката утврдени со член 88 став 1 и 3 од Законот за општата управна постапка („Сл.Весник на РМ“ бр.124/15), член 62 став 1 и 3 и член 84 став 1 алинеја 2 од Законот за прекршоците („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), бидејќи донел решение со нејасен диспозитив, кој не содржи фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот, односно донел решение во кое не се наведени дејствијата кои ги преземале или пропуштиле да ги преземаат тужителите, а со кои наводно се остварува битието на прекршокот од член 27 став 1 точка 2 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи („Сл.весник на РСМ“ бр.66/24), кој им се става на товар.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со одредбата од член 60 став 1 и 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), судот донесе одлука како во изреката на пресудата.

При повторното постапување тужениот орган е потребно да ги има во предвид укажувањата на овој суд, да ги отстрани повредите на правилата на постапката, па врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба, со правилна примена на материјалното право да донесе правилно и законито решение.

Одлучувајќи по однос на барањето на тужителите за надомест на трошоците во постапката, судот согласно член 148 став 1 и член 149 од Законот за парничната постапка („Сл.Весник на РМ“ бр.79/05...116/10), во врско со член 86 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19) и согласно успехот во спорот, одлучи да го задолжи тужениот орган да им ги надомести на тужителите трошоците во постапката во вкупен износ од 8.260,00 денари, кои се

однесуваат за награда на полномошникот за дадена правно помош во управен спор во износ од 7.000,00 денари, која е зголемена за 18% ДДВ од причина што полномошникот на тужителот достави Решение издадено од Управата за јавни приходи под број 2807-2-22/00305 од 18.11.2022 година, со кое потврди дека е ДДВ обврзник, додека поголемото барање на тужителите за надомест на трошоците во постапката за разликата од досудениот до побараниот износ од 26.623,00 денари го одби од причина што не е во согласно со член 8 од Адвокатскиот тарифник.

Пресудено во Управен суд на 13.02.2026 година, под УПРК.бр.19/2025.

Записничар - судски советник
Евица Цајковска-Јанкоска

Судија
Александар Чичаковски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда не е дозволена жалба, согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19).

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжуваат тужителите да плати такса за одлука во износ од 800,00 во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителите преку полномошник Јован Лалевски адвокат од Битола
- тужениот орган

Судија
Александар Чичаковски

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник 1